Врз основа на член 48 став 3 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ“ бр. 13/96), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОШТЕТУВАЊЕ НА ОРГАНИЗМОТ ВРЗ ОСНОВА НА КОИ ВОЕНИОТ ИНВАЛИД ИМА ПРАВО НА МОТОРНО ВОЗИЛО И ВИДОТ НА МОТОРНОТО ВОЗИЛО**

Член 1

Во Правилникот за оштетувањата на организмот врз основа на кои воениот инвалид има право на моторно возило и видот на моторното возило („Службен весник на РМ“ бр. 22/96), членот 3 се менува и гласи:

„Воениот инвалид од членот 2 на овој правилник има право на патничко моторно возило со зафатнина до1000 см кубни чија набавна вредност на пазарот во Република Македонија не е повисока од 15 месечни лични инвалиднини на воен инвалид од прва група 100%.

Доколку набавната вредност на возилото е повисока од утврдената во став 1 на овој член, разликата во истата ја сноси самиот инвалид“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12-448/2
31 март 2000 година
Скопје

Министер
за труд и социјална
политика,
**Бедредин Ибраими,** с.р.